Јавна установа Национален парк Галичица
Велестовски пат бб, 6000 Охрид
Република Македонија
Тел./Факс: 00 389 46 261 473
е-пошта: galicica@galicica.org.mk

# Покана за учество на јавна расправа по Ревидиран нацрт извештај за стратешка оцена на животната средина по „Предлог измени на Планот за управување со Национален парк Галичица за период 2011-2020 година“

Почитувани,

Изминативе неколку месеци Јавната установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ) во соработка со Citrus Partners LLP и од нив ангажирани експерти за оцена на влијанието врз животната средина и биолошката разновидност, изврши ревизија на претходно подготвениот Нацрт извештај за стратешка оцена на влијанието врз животната средина (СОВЖС) по „Предлог измените на Планот за управување со Национален парк Галичица за период 2011-2020 година“ (ИПУ). Во рамките на интензивните консултации со стручната и пошироката јавност во текот на јавниот увид на СОВЖС, на 11.09.2015 година беше организирана и јавна расправа. Поради добиените забелешки и препораки и направените техничките консултациите со Министерството за животна средина и просторно планирање беше изработен Анекс на СОВЖС по ИПУ.

Ревидираниот Нацрт извештај на СОВЖС на ИПУ вклучително и анексот на СОВЖС по ИПУ го ставаме на увид на јавноста до Понеделник 18.01.2016 година. Во рамките на јавниот увид ќе биде организирана и јавна расправа која ќе се одржи во Понеделник, 04.01.2016 година, во просториите на Јавната установа со почеток во 12.00 часот.

Сите документи од процесот на стратешка оценка на влијанието на животната средина можете да ги најдете на веб страната **www.galicica.org.mk** во делот **документи**. Забелешките, мислењата и предлозите можете да ги доставите до ЈУНПГ најкасно до Понеделник 18.01.2016 година на адресата на институцијата: **Јавна установа Национален парк Галичица, Велестовски пат бб, 6000 Охрид** или на електронската адреса: **galicica@galicica.org.mk**.

Со почит,

Охрид, 16.12.2015 година

Јавна установа Национален парк Галичица